USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

**Извештај за повреди на човекови права на маргинализирани лица за периодот од 1 јануари до 31 декември 2024 година**

**Содржина**


1. Вовед
   1.1. Кратки информации за периодот на документирање и општи податоци
   1.2. Застапеност по области и видот на кршење на права
      1.2.1. Документирани случаи по место на случување
      1.2.2. Застапеност по род и етничка припадност
   1.3. Издвојување на специфични случаи на повреда на права
      1.3.1. Случај булинг на ученик во средно училиште во Велес
      1.3.2. Случај ИЦ против Н.Н лица администратори на Фејсбук страната Преземи одговорност
      1.3.3. Случај ИЦ против Н.Н лица администратори на Фејсбук страната Преземи одговорност
      1.3.4. Случај ЈЃ против згрижувачите ФМ И ШМ
      1.3.5. Случај  ЗШ - вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет (СОРИ)
      1.3.6. Случај Еквалис и А.Д против ЉЬ.Р, Г.Г и Н.Н лица
      1.3.7. Случај Д.П против А.М
      1.3.8. Случај ХК против Н.Н лица- корисници на Фејсбук платоформата
   1.4. Известување за започнати постапки, тек на тековни постапки или добиени пресуди/мислења
   1.5. Препораки

# 1. Вовед

Овој извештај е подготвен во согласност со Методологијата за четиримесечни извештаи и годишен извештај за повреда на човекови права на маргинализирани заедници, во рамки на заедничкиот проект Пристап до правда и човекови права поддржан од УСАИД. Во рамки на проектот носителот, Коалиција Маргини и партнерите, Хелсиншки комитет за човекови права, ХЕРА и Еквалис спроведуваат заеднички активности за обезбедување на интегрирани услуги на ЛГБТИ лица и жртви на родово засновано насилство.

Случаите во најголема мера се документираат од страна на правници, параправници, социјални работници, теренски работници, и други вработени во граѓански организации, но и од самите жртви. Граѓанските организации кои учествуваат во документирање на овој тип случаи се: Коалиција Маргини, Хелсиншки Комитет, Заедно посилни, ТрансФорма, ХЕРА и Еквалис. Овој извештај содржи и случаи од маргинализирани лица кои повредите на правата врз нив или свои познаници/блиски самите ги имаат документирано.

## 1.1. Кратки информации за периодот на документирање и општи податоци

Извештајот се однесува на целата 2024 година и го опфаќа периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година. Во овој извештај се вклучени податоци од три датабази – платформата за документирање случаи на повреда на права на Коалиција Маргини (https://goeasy.eu/margini/survey/survey.html), како и платформите на Хелсиншкиот комитет за човекови права за пријавување говор на омраза (www.govornaomraza.mk) и криминал од омраза (www.zlostorstvaodomraza.com).

На платформата на Коалиција Маргини и на Хелсиншки комитет за документирање говор на омраза секој може да пријави случај. По внесената пријава, вработени во соодветните организации (администраторите на страниците) ги разгледуваат пријавите, ги верифицираат содржините и ги одобруваат доколку предметот има елементи на говор на омраза или на вознемирувачки говор.

Веб-порталот www.zlostorstvaodomraza.com на Хелсиншкиот комитет, достапен од 2013 година, претставува интерактивна алатка за информирање на граѓаните за извршените злосторства од омраза и пријавување на инциденти од страна на неговите корисници. Инцидентите се регистрираат согласно внатрешна методологија со следење на дневните билтени на Министерството за внатрешни работи, мониторинг на електронските медиуми на дневна база, преку двата најпопуларни интернет генератори на вести (www.time.mk и www.grid.mk), како и со употреба на напредните опции за пребарување во делот за „вести“ на www.google.com.

### 1.2. Застапеност по области и видот на кршење на права

Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, регистрирани се вкупно 1396 пријави на говор на омраза, од кои 567 се случени поради етничка припадност[1], 237 поради политичка припадност, 603 поради национална припадност[2], 230 пријави поради сексуална ориентација и родов идентитет, 70 поради пол и род и др.

[1] Етничката припадност се базира на културни карактеристики како што се јазикот, религијата, обичаите, традициите и историското наследство.
[2] Националната припадност се однесува на правната и политичката врска помеѓу индивидуа и држава.




Графикон 1: Регистрирани пријави на www.govornaomraza.mk




Графикон 2: Преглед на верификувани и одобрени пријави

Од вкупниот број регистрирани пријави, 537 пријави се верификувани. Од нив, 123 (74 %) се врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, 22 (13 %) врз основа на пол и род и 21 (13 %) на повеќекратни основи, од кои едната е сексуалната ориентација и родовиот идентитет и/или пол и род[3].

[3] 8 сексуална ориентација и родов идентитет и род и пол; 3 сексуална ориентација и родов идентитет и етничка припадност; 3 сексуална ориентација и родов идентитет и политичка припадност; 1 сексуална ориентација и родов идентитет, политичка припадност и националност; 1 сексуална ориентација и родов идентитет и националност.




Според видот на говорот врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет/пол и род, поделбата е направена според регистрираниот говор на омраза (45 или 27 %), вознемирувачки говор (96 или 58 %) и повикување и поттикнување дискриминација (25 или 15 %).



Елементи на кривичното дело Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем содржат 91 од пријавите, 65 содржат елементи на кривичното дело Предизвикување омраза раздор или нетрпеливост врз национална расна верска и друга дискриминаторска основа, 2 пријави содржат елементи на кривичното дело Излагање на подбив на македонскиот народ и припадници на заедниците, 1 пријава содржи елементи на кривичното дело Одобрување или оправдување на геноцид злосторства против човечноста или воени злосторства и 7 содржат елементи на две или повеќе кривични дела (Предизвикување омраза раздор или нетрпеливост врз национална расна верска и друга дискриминаторска основа, Излагање на подбив на македонскиот народ и припадници на заедниците, или Одобрување или оправдување на геноцид злосторства против човечноста или воени злосторства).




Надвор од областа говор на омраза, најмногу прекршувања на права има во здравството со 30 случаи, во најголема мера поврзани со прекршување на права на пациенти со ХИВ, а потоа родово засновано насилство/семејно насилство (РЗН/СН) со 29 случаи. Следува областа работни односи со 7 случаи, поврзани со дискриминација врз основа на род и здравствен статус. Следува, прекршување на полициска постапка со 3 случаи и насилство од омраза, исто така со 3 случаи. Областа образование се јавува со 2 случаи каде што има дискриминација врз основа на род и сексуална ориентација, додека кршење на социјалните права и социјалната заштита се јавува во 1 случај, исто така и други повреди на права од државни органи се

појавуваат во 1 случај. Вкупно случаи на дискриминација има 26. Според овие статистики, забележуваме континуирана дискриминација на лица заболени со ХИВ, која најмногу се случува на работното место и во здравствените установи. Лицата со ХИВ доживуваат дискриминација од несензибилизирани колеги и шефови на своите работни места, каде што им е доделувано присилно боледување или пак им е барано да направат ХИВ тест за да ги докажат ниските нивоа на вирус во крвта. Исто така, лицата со ХИВ не наидуваат на достоинствен и професионален третман ниту во здравствените установи. Таму се соочуваат со неетички третман од страна на здравствени работници, кои честопати ги прекршуваат правата на пациентите преку издавање на доверливи информации за пациентите и/или одбивање на давање здравствена услуга.

Во извештајниот период беа регистрирани 113 инциденти со пристрасен мотив, од кои 93 (82 %) врз основа на етничка припадност, 10 (8 %) врз основа на политичка припадност или уверување, 2 (1 %) врз основа на религија. 60 жртви и 83 сторители на инцидентите во регистрираните случаи се малолетници.

Инцидентите беа регистрирани веднаш откако беа објавени од медиумите или од Министерството за внатрешни работи во нивните дневни билтени. Овие потенцијални инциденти (непотврдени од МВР) се вклучени во извештајот затоа што се поврзани со ситуации каде според одредени индикатори (перцепција на жртва/сведок; коментирање на лице место; модел/зачестеност на претходни инциденти; природа на насилството; отсуство на други мотиви; и место и време) постои основа за верување дека се пристрасно мотивирани.

### 1.2.1. Документирани случаи по место на случување

Сите 50 пријави поврзани со говор на омраза се регистрирани во онлајн просторот. Од нив на Фејсбук се регистрирани 29 пријави, на Твитер 9, на интернет портали 2, на Инстаграм 7 и 3 се со непознато место на случување.

Според место и регион на случување, најмногу случаи на други повреди на права, кои не се однесуваат на говор на омраза, се документирани во Скопскиот регион, каде што се забележани 56 случаи. Во Вардарскиот регион регистрирани се 4 случаи, исто така и во Полошкиот регион. Во Источниот регион се регистрирани 3 случаи, додека во Југозападниот регион регистрирани се 2 случаи, исто така и во Југоисточниот регион, додека 1 случај е регистриран во Пелагоноскиот регион.

На интернет просторот забележани се 6 случаи кои вклучуваат дискриминација, нарушување на здравствени права на пациент, како и споделување на интимни фотографии без согласност.

### 1.2.2. Застапеност по род и етничка припадност

Во 74 случаи на говор на омраза најмалку една од основите е етничка припадност. Платформата www.govornaomraza.mk не регистрира за која етничка припадност станува збор, ниту пак ја регистрира етничката припадност на сторителите. 19 пријави се регистирирани за говор на омраза/вознемирувачки говор, каде што најмалку една од основите е пол и род. (види графикон 3)




*Графикон 3*

На платформата на Коалиција Маргини, по етничка структура, 60 од жртвите се Македонци, 9 Албанци, 2 се Роми и 4 се без или со друга националност. Во однос на родовата структура, 38 од жртвите се мажи, 28 е жена, и 10 се трансродови лица и/или лица што не се идентификуваат родово.




*Графикон 4*

## 1.3. Издвојување на специфични случаи на повреда на права

Во прилог издвојуваме карактеристични случаи на дискриминација, говор на омраза, и други видови на повреда на права на маргинализирани заедници. За сите од нив се преземени правни дејствија.

### 1.3.1. Случај булинг на ученик во средно училиште во Велес

Првиот случај се однесува на булинг на едно младо момче во средно училиште во Велес. Булингот е во форма на вербално и психолошко насилство и закани за физичко насилство предоминантно врз основа на претпоставена сексуална ориентација од страна на група од повеќе соученици. Впечатливо за овој случај е што дискриминацијата и булингот конвергираат по повеќе точки, односо се прелеваат и во други типови на дискриминација, освен онаа на сексуална ориентација. Соучениците измислуваат дека момчето е Ром за да може да го навредуваат и по етничка основа. Дотолку попроблематично е и што булингот се случува пред професори и други вработени во училиштето кои не преземаат ништо во врска со тоа. Ова упатува

на сериозен проблем на системско премолчување на меѓуврсничко насилство од каков било тип, а особено кога се работи за сексуална ориентација, родов идентитет, или етничка/расна припадност.

На 14.2.2024 ученикот и неговото семејство доставуваат претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) за сторена дискриминација врз основа на претпоставена сексуална ориентација и етничка и расна припадност во областа на образование. Комисијата извршува увид во СОУ „Гимназија Кочо Рацин" Велес 22.2.2024, каде што е пријавено дека се случува дискриминацијата. Членови на комисијата разговараат со директорот на училиштето, стручните соработници, како и со подносителот на претставката. По извршениот увид во наводите од претставката, произнесувањето по истата, приложените докази, одржаните разговори, доставениот Наод и мислење од психолог, на ден 29.04.2024 Комисијата носи мислење во кое што се утврдува „виктимизација", „вознемирување" и „повеќекратна и продолжена дискриминација по перцепција врз основна и расна припадност, сексуална ориентација и попреченост во областа на образование сторена од страна на СОУ „Гимназија Кочо Рацин" Велес кон ученикот од Велес, односно подносителот на претставката.

Набргу потоа, Комисијата исто така го пријавува случајот во просветниот инспекторат, но од истиот допрва се очекува реакција.

### 1.3.2. Случај ИЦ против Н.Н лица администратори на Фејсбук страната Преземи одговорност

Хелсиншкиот комитет за човекови права и оштетената поднесоа кривична пријава до Министерството за внатрешни работи, Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика за сторено кривично дело -Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем, член 394г од Кривичниот Законик. Имено, пријавените директно на 14 и 15 март 2024 година, а и континуирано во подолг период, ја таргетирале оштетената-истакната активистка за човекови права и родова еднаквост нарекувајќи ја нацист и споделувајќи видео , фотографии и текст, по компјутерски пат, промовирале идеи кои поттикнуваат дискриминација, насилство и омраза врз основ на сексуална ориентација и родов идентитет. Оваа пријава е поднесена на 20 март 2024, и за истата се уште нема одговор од иституциите.

### 1.3.3. Случај ЛМ против Здружение Коалиција за заштита на деца и Гордана Гоџо

Хелсиншкиот комитет за човекови права и оштетената поднесоа кривична пријава до Основното јавно обвинителство Скопје, за сторено кривично дело -Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутески систем, член 394г од Кривичниот Законик затоа што пријавеното правно лице Коалиција за заштита на децата на 1 април 2024 година на фејбук платфорамата од својот профил напишал статус со наслов ,,РЕАКЦИЈА ПО ПОВОД ОБЈАВАТА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА НА СТУДЕНТИТЕ НА МЕДИЦИНА ВО МАКЕДОНИЈА.“

Второпријавената Гордана Гоџо го споделила овој статус и повикала на масовно споделување со што пријавените потикнала дискриминација, непријателство и омраза кон транс заедницата.

Надлежното јавно обвинителство со Решението КО бр.1510/24 на од 23.04.2024 отфрли кривичната пријава со образложение дека, постојат околности кои го исклучуваат гонењето за правното лице Коалиција за заштита на децата, како и дека не постои основано сомневање дека пријавената го сториле кривичното дело по однос на второ пријавената Гордана Гоџо. Против ова Решение беше поднесена навремена жалба до Вишото јавно обвинителство. Вишото јавно обвинителство со одлука КОЖ бр.357/24 од 27.07.2024 година ја потврди одлуката на основното јавно обвинителство.

### 1.3.4. Случај ЈЃ против згрижувачите ФМ И ШМ

Лицето ЈЃ е трансродово лице, дете без родители, жртва на физичко, психолошко и економско семејно насилство од страна на згризувачкото семејство каде била сместена, заедно со помалиот брат. Дополнително таа била студент, сместена во студенски дом каде што трпела омаловажувања и навреди, за што побарала помош од Хелсиншки комитет и е сместена во Сигурната куќа. За заштита на жртвата поведени се две постапки, една пред Граѓанискиот Суд во Крушево за спречување и заштита од семејно насилство, и една пред Основното јавно обвинителство во Прилеп за кривично дело Загрозување на сигурноста и Измама.

Основниот Граѓански Суд Крушево на 17.1. 2024 година, по одржавана главна расправа, донел Решение со кое го усвоил предлогот на предлагачката застапувана од адвокат-полномошник, изрекол привремени мерки за заштита од семејно насилство за лицето ФМ во траење од 3 месеци.

До Основното јавно обвинителство Прилеп на 22.12.2023 година поднесена е кривична пријава против лицата ФМ и ШМ за извршени кривични дела Загрозување на сигурноста член 144 ст.3 и Измама член 247 ст.2 од Кривичниот Законик. Оваа кривична пријава со Решение од Основното јавно обвинителство Прилеп беше отфрлена со образложение дека кривичните дела не се кривични дела кои се гонат по службена должност. Незадоволни од јавно обвинителската одлука, поднесовме навремена жалба поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и повреда на ЗКП и КЗ до Вишото јавно обинителство во Битола.

#### 1.3.5. Случај ЗШ - вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет (СОРИ)

Хелсиншкиот комитет на 29.04.2024 година поднесе претставка за Вонемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, врз основа на член 10 ст.1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до Комисија за спречување и заштита од дискриминација. Имено, на платформата Инстаграм, по одржувањето на првиот круг на Претседателските избори во Република Северна Македонија, лицето ЗШ објавил видео на стори од локалот Комитет во Скопје, локал кој претставува безбеден простор во кој се социјализира ЛГБТИ заедницата преку различни настани. Видето има два хаштази и порака од пријавеното лице- ,,Еве едно предлог место за Стево Пендаровски, Комитет # ПедериОбединетеСе # Втора Рунда”. Снимена е и објавена локацијата каде се наога локалот Комитет.

За овој случај Комисијата за спречување и заштита од дисриминација на 31.05.2024 година, донесе Мислење со кое утврди вознемирување кон ЛГБТИ заедницата согласно член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

#### 1.3.6. Случај Еквалис и А.Д против Љ.Р, Г.Г и Н.Н лица

Хелсиншки комитет за човекови права и оштетените поднесоа кривична пријава до Сектор за внатрешни работи Скопје-Сектор за економски и компјутерски криминал, за сторено кривично дело Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутески систем, член 394г од Кривичниот Законик. Имено, на 03.06.2024, Здружение за едукативен развој ЕКВАЛИС објави Отворен повик за учесници/чки на Летна школа за ЛГБТИ+ млади и нивни сојузници/чки, насловена „Дијалог, сојузништво, акција“, најавувајќи дека, истата, ќе се одржи во Кратово, меѓу 04 и 09 јули 2024. По оваа објава пријавените ширеле хомофобичен говор и преку компјутерски систем  и  промовирале идеа и теорија која  поттикнува дискриминација и насилство кон лицата со различна сексуална оринтација и родов и идентитет.

До Хелсиншки комитет за човекови права стигна Известување на 18.12. 2024  од Основното јавно обвинителство Скопје, дека нема место за јавно обвинителска одлука од причини дека не се исполнети елементите на кривичните дела. Дополнително, овој предмет е заведен под РО број кој пак е претставува пријава за настан,  по кој оштетените немаат право на жалба.

Незадоволни од ваквата одлука на надлежното обвинителство Хелсиншкииот комитет на 26.12.2024 година испрати Преставка до Вишото јавно обвинителство поради прекршување на членот 10 од Европската конвенција за човекови права, по однос легитимните  ограничувања на слободата на говор, како и обврската за истрага спроведена со должно внимание како и за овозможување на правото на жалба во постапки кои се пријавуваат за ширење на говор на омраза.

### 1.3.7. Случај Д.П против А.М

Хелсиншки комитет за човекови права и оштетениот Д.П поднесоа кривична пријава до Основното јавно обвинителство Куманово за сторено кривично дело- Телесна повреда, член 130 ст.2 од Кривичниот Законик. Имено, на 19 мај 2024 пријавениот на јавно место во Куманово, по претходна расправија и навреди упатени поради сексуалната оринтација на жртвата на критичниот ден пријавениот му го попречил патот по што го нападнал вербално и физички со што му нанел телесни повреди и му го нарушил здравјето. По оваа пријава до крајот на календарската 2024 година се уште нема јавно обвинителска одлука.

### 1.3.8. Случај ХК против Н.Н лица- корисници на Фејсбук платоформата

Хелсиншки комитет за човекови права поднесе кривична пријава до Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при Министертсвото за внатрешни работи за сторено кривично дело Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутески систем, член 394г од Кривичниот Законик против девет лица-корисници на фејсбук платформата.

На 22 јуни, непосредно пред одржувањето на Парадата на гордоста во Скопје, по објавен текст на А1 он со наслов :,, Под мотото „Спектакуларно непослушни!“ денеска во Скопје петтата Парада на гордоста’’ во коментарите забележан е говор на омраза и загрозување на сигурноста на  лицата со различна сексуална ориентација и родов идентитет.  За оваа пријава се уште нема јавно онвинителска одлука.

## 1.4. Известување за започнати постапки, тек на тековни постапки или добиени пресуди/мислења

Во периодот јануари-декември 2024 година, иницирани беа вкупно 8  постапки, и тоа две до Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при Министерството за внатрешни работи, една до Сектор за економски и компјутерски криминал при Сектор за внатрешни работи Скопје,  една до Основното јавно обвинителство во Куманово,  две до Основното јавно обвинителство во Скопје, една до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и една постапка пред Граѓанскиот Суд Крушево за спречување и заштита од семејно насилство.

## 1.5. Препораки

- Усвојување на Предлог-измените на Законот за матична евиденција, со цел овозможување брза и транспарентна постапка за правно признавање на родот заснована врз самоопределување.
- Континуирана формална и неформална едукација на здравствените работници за ХИВ.
- Зајакнување на капацитетите на обвинителството за кривичен прогон на случаите на говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет.

- Проактивна улога на Комисијата за заштита од дискриминација во одговорот кон антиродовите движења, со цел афирмација на родовата еднаквост и на правата на ЛГБТИ луѓето.
- Афирмација на родовата еднаквост и на правата на ЛГБТИ луѓето преку унапредување на законодавството и на неговата примена, како и подигање на јавната свест кај општата популација и кај донесувачите на одлуки.
- Јакнење на капацитетите на Државниот просветен инспекторат за заштита од дискриминација и насилство во образованието и внесување измени и дополнувања во законската рамка во образованието од аспект на превенција и заштита од дискриминација и булинг.
- Сензибилизација на општата јавност преку организирање на разни едукативни настани, емисии како и поголема застапеност на ЛГБТИ заедницата во медимите во контекст на потребите кои ги имаат и предизвиците со кои се соочуваат.
- Ефикасен одговор и соодветно казнување од страна на институциите за спречување и заштита од говорот на омраза и одвраќање на сторителите.
- Правно зајакнување на ЛГБТИ и луѓето што живеат со ХИВ со цел полесно да го препознаваат прекршувањето на своите права, да знаат каде да ги документираат и да бидат охрабрени да преземат правни дејствија за казнување на прекршителите на тие права и за понатамошна заштита на нивните права.
- Да се зајакнат капацитетите на полициските службеници во постапувањето и прогонот на сторителите на говорот на омраза, јакнење на механизмите на контрола во сајбер-просторот, и градење на доверба кај жртвите во сите дела од омраза и вознемирувања сторени во интернет просторот.
- Дополнително да се сензибилизираат полициските службеници во интеракцијата и постапувањето по случаи во кои жртви и пријавувачи се ЛГБТИ лица.

- Да се засили документирањето и пријавувањето на говорот на омраза во Секторот за компјутерски криминал при Министерството за внатрешни работи.
- Да се зајакнат капацитетите на медиумите за брза реакција во случаи на појава на говор на омраза со цел намалување на стапката на повици на насилство и дискриминација кон која било маргинализирана група, особено кон трансродовата заедница.

**Табеларен приказ на повреда на права на маргинализирани заедници за периодот јануари-декември (2024) од Коалиција Маргини**[4]

| Видови повреди на права | | Род на жртви | | | Етничка припадност | | | | ХИВ | СР | ЛУД | Попреченост | Жртви на РЗН/СН | Дете | ЛГБТИ | Нема конкретни жртви | **Вкупно случаи** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Ж | М | Транс | Мак. | Алб. | Роми | Други | | | | | | | | | |
| 1. | Работни односи | 1 | 4 | 2 | 5 | 1 | | | 2 | | | | | | | | **7** |
| 2. | Здравство | 3 | 26 | 1 | 24 | 3 | | 3 | 29 | | | | | | | | **30** |
| 3. | Полиција | | 1 | 2 | 1 | 1 | | 1 | | | | | | | | | **3** |
| 4. | Образование | | 1 | 1 | 2 | | | | | | | | | | | | **2** |
| 5. | Социјални права и социјална заштита | | 1 | | 1 | | | | 1 | | | | | | | | **1** |
| 6. | РЗН/СН | 24 | 4 | 1 | 23 | 4 | 2 | | | | | | 14 | 6 | 5 | | **29** |
| 7. | Насилство од омраза | | 1 | 2 | 3 | | | | | 1 | | | | | 1 | | **3** |
| 8. | Други повреди на | | | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | **1** |

[4] Од табелата можат да се додаваат или бришат области категории на жртви, зависно од податоците во документираните случаи во периодот на кој се однесува извештајот.

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | права од државни органи | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 9. | Говор на омраза | | | | | | | | | | | | | | 4 | 4 | **4** |
| Случаи во кои има дискриминација | | 1 | 15 | 10 | 22 | 3 | | 1 | 18 | 1 | | | 1 | | 1 | | **26** |
| **Вкупно случаи** | | **28** | **38** | **10** | **60** | **9** | **2** | 4 | **32** | | | | 14 | **6** | **10** | 4 | **77** |

Овој извештај е подготвен од Коалиција МАРГИНИ Скопје и Хелсиншкиот комитет на човекови права со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во овој извештај им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на УСАИД или на Владата на САД.